ЗИМА 2008 □ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија






Дневната промоција беше одржана на еден многу убав и сончев есенски ден во главниот град на Плоштадот "Македонија", на 8ми октомври 2008 год. со посебна детска програма. Тоа беше настан слободен за учество и училиштата беа поканети да земат учество. Млад водител познат во јавноста беше ангажиран да биде водител на настанот. Ученици од основното училиште "Гоце Делчев" од Скопје изведоа претстава "Зелениот пакет во училиницата" специјално напишана за оваа пригода. Децата и останатите граѓани имаа можност да ги слушнат најмладите учесници - детскиот хор "Поточиња" со нивната специјална изведба на неколку геснички за животната средина. Некои од учениците учествуваа во наградна игра и за нивното активно учество добија награди - дипломи од Зелен Пакет и посебни маички специјално изработени со овој проект со логото за Зелениот Пакет. ЦД-РОМ от од Зелениот Пакет беше дистрибуиран за сите граѓани. Промотивниот настан заврши со песни и пораки упатени до младите и децата за важноста на животната средина и нејзината заштита. Многу печатени и електронски медиуми го најавија настанот во Скопје, нагласувајќи ги напорите на РЕЦ и двете Министерства во насока на образование за одржлив развој во Македонија.

ПРЕКУГРАНИЧНА ДИЈАГНОСТИЧКА АНАЛИЗА "СТРАТЕШКА АКЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕСПА ПАРК" стр. 2

ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА стр. 3

ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ЈИЕ- SECTOR II КРУГ НА ГРАНТОВИ стр. 6

СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОНИТОРИНГ ЗА СКОПСКАТА ОБИКОЛНИЦА (ЕМАГ) стр. 10

# ПРЕКУГРАНИЧНА ДИЈАГНОСТИЧКА АНАЛИЗА "СТРАТЕШКА АКЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕСПА ПАРК"

"Технички тим за собирање и оценка на податоците заради изработка на Прекугранична дијагностичка анализа Стратешка акциона програма за Преспа паркот"

Во ноември 2008 година се одржа иницијалниот состанок во рамките на проектот околу изработката на Прекугранична дијагностичка анализа и Стратешки акционен план на кој присуствуваа претставници на донаторот - UNDP (Alvin Lopez, Меѓународниот советник за прекуграничната компонента и Александар Ивановски, одговорен за националната компонента на Преспа парк проектот), Техничкиот тим кој е раководен од страна на РЕЦ (Раководител на проектот Ана Петровска и Директор на проектот Катарина Стојковска) и Лидерот на проектот кој е ангажиран независно од Техничкиот тим (Piter Voli). На овој состанок беше презентирано од страна на претставникот на UNDP на каков начин се спроведува прекуграничната компонента на проектот и кои се тековните активности, како и нивната поврзаност со проектите што се спроведуваат во рамките на националните компоненти во Албанија и Македонија. Од страна на Техничкиот тим се презентираше предлложената методологија за работа и роковите за изработка на извештаите. Исто така се разговараше за тоа какви податоци ќе се разгледуваат при анализите, односно дали официјалните податоци се валидни или ќе се антиципираат и податоци од студии или истражувања кои не се усвоени како такви на национално ниво. Техничкиот тим и Лидерот на проектот се сложија дека официјалните податоци ќе се користат во најголем можен обем, но доколку недостигот од податоци би се одразил на нивната веродостојност, ќе се користат и податоци од други извори, при што секогаш ќе се цитираат изворите.

На состанокот се зборуваше за потребата да се комуницира со другите проектни активности. Техничкиот тим предложи да се користи алатката Форум на веб страницата на Координативниот комитет на Преспа Паркот со цел размена на информации помеѓу различните проектни компоненти. Исто така се договори начинот на комуникација помеѓу различните страни што се вклучени во проектот.

Како најважен иден чекор се наведе организацијата на Националните работилници на кои ќе се поканат најзначајните општествени чинители кои имаат влијание при заштитата и управувањето со Преспа Паркот. Се планира спроведување на овие работилници во текот на месец февруари.


Лице за контакт:<br>
**Ана Петровска**<br>
**Раководител на проекти**<br>
ana@rec.org.mk



**Издава:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа Канцеларија во Македонија
**Одговорно Лице:**
Катарина Стојковска
**Техничка подготовка:**
Дејан Ковачевиќ
**Лектура:** Марина Орцанова

**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**

The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel. +36 26 504 000;Fax. +36 36 311 294 e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа Канцеларија во Македонија
ул. Илинденска бр. 118
1000 Скопје
Тел: 02 3090 135, 3090 136
Факс: 02 3088 193
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

# ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Главна активност во перидот октомври-декември беше собирање на податоци потребни за изработка на проценатa со состојбата на животната средина во општините кориснички на овој проект, како и пополнувањето на табелите со податоците.

Поголемиот дел од податоците се собрани, а од страна на општините се бараше исклучително залагање, упорност и координација на сите субјекти вклучени во овој дел на имплементацијата на проектот. Немањето податоци и резервираноста се дел од искуствата со кои тие се соочија. Меѓутоа со добра координација и укажување по групи за важноста во пристапот и издавање на овластувања, истите успешно се надминати. Како резутлат од тоа, од страна на општините беа изработени извештаи за состојбата со животната средина.

Информирањето на граѓаните за активностите на проектот, покрај јавните собири, во недостаток на јавни медиум во некои општини, беше реализирано и преку објавување статија на веб страната на општините, во гласници на општините како и на информативни табли во населените места во општините.

Покрај овие активности, беа реализирани и директни контакти со жителите од населените места кои гравитираат околу општините. Преку овие посети, жителите беа информирани за активностите на проектот, како и можноста за нивното вклучување.

Одржан е Втор семинар на тема Утврдување на приоритети и пишување на ЛЕАП Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) - Канцеларија во Македонија, во рамките на проектот: “ Локални акциони планови за животна средина за подобрување на одржливоста во Југоисточна Европа “ има планирано реализација на 4 тридневни семинари на кои би се дискутирало детално за секоја од фазите на изработка на ЛЕАП.

Во периодот од 26-28 ноември 2008 година во хотел Инекс Горица во Охрид се одржа вториот семинар на тема: Утврдување на приоритети и пишување на ЛЕАП.

На овој семинар, како и на сите останати учествуваа претставници на општините - добит-



Охрид, втор семинар



Охрид, втор семинар

ници на финансиска поддршка за развивање на ЛЕАПи.

На семинарот задолжително беше присуството на 6 претставници од секоја општина. Заради успешно остварување на специфичните цели на овој семинар, учествуваа претставници на Локалниот комитет формиран за изработка на ЛЕАП во општините, како и претставници од некои работни групи. Поради тоа што еден од условите за добивање на финансиска поддршка за изработка на ЛЕАП беше и партнерство со една невладина организација, задолжително беше присуството на еден член на партнерската невладина организација. Општините кориснички за семинарот го имаа подготвено Извештајот за состојбата на животната средина (финална верзија), а самите учесници веќе претходно беа запознаени со неговата содржина.

Следни активности кои ќе се превземат во процесот на изработка на ЛЕАП се:

- Реализација на анкета за испитување на мислењето во врска со проблемите со животната средина во општината;
- Организирање на јавни собири за презентирање на проблемите со животната средина;
- Утврдување на приоритети од областа на животната средина во општината;
- Дефинирање на цели и мерки;
- Одредување на механизми за спроведување со План за набљудување и оценување на спроведувањето.

## ТРЕТ КРУГ НА НАЦИОНАНИ ГРАНТОВИ- **SECTOR** ПРОГРАМА

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија го објави третиот и последен конкурс за доделување на финансиска помош со краен рок за доставување на концепциските документи до 01 октомври 2008 год. До овој рок, добивме вкупно 36 концепциски документи од кои Локалниот Советодавен Одбор треба да одбере околу 12-15 за натамошен развој во комплетен предлог-проект. Фондот за распределба на финансиската помош во овој циклус изнесува 70.000,00 евра.

Оценувањето се состоеше од два чекора: прво, се пополнуваат листовите за бодирање и се враќаат до РЕЦ на 10 октомври 2008 година, за време на состанокот. Следниот чекор е состанокот за оценување, закажан на истиот ден, 10 октомври 2008 година, во канцеларијата на РЕЦ. Од вкупно 36 поднесени концепциски документи, од страна на ЛСО беа селектирани 13 концепти кои понатаму треба да се развијат во комплетни предлог проекти.

Граѓанските здруженија од областа на животната средина (ГЗЖС) во Република Македонија добија целосна поддршка при подготвување на комплетните предлог проекти.
Канцеларијата на РЕЦ во Македонија во своите простории организираше 3 работилници и тоа на:

- 20 октомври 2008г.- Скопје (Канцеларија на РЕЦ);
- 21 окотмври 2008г. - Скопје (Канцеларија на РЕЦ); и
- 22 октомври 2008г. - Штип (Локална самоуправа).

со следнава програма:

Целна група:
- Селектирани ГЗ во фазата на концепциски документи кои ќе изготвуваат целосни предлог проекти

Цели на обуката:
- Помош на ГЗ во подготвување на целосен предлог проект
- Да се обезбеди дека целната група ја разбира грант програмата и нејзините специфичности (развивање на логичка рамка, медиумска покриеност, теми, буџет)

Содржина на работилницата:

Обуката имаше за цел да ги запознае ГЗ со потребната детална документација за учество во фазата на целосен предлог проект и процесот кој се однесува на тематската содржина и буџетските прашања. Дополнително, обуката треба ги екипира ГЗ со алатки и вештини за комуникација со медиумите со цел да се подобрат односите со јавноста, што е дел од оваа грант програма.

ГЗ се очекува да имаат подлабоко разбирање за обемот на грантовите за SECTOR програмата, да бидат во можност да ги мобилизираат подобро нивните ресурси за поттикнување на ефикасноста на пристапот и методите кои се користат во нивните предлог проекти.

За време на обуката концептите беа презентирани и дискутирани. Повиканите ГЗ ќе подготвија кратка презентација за нивните концепти (5 слајда) со следнава содржина:

1 слајд. Поставен проблем за урбана одржливост;
2 слајд. Цели и задачи на проектот;
3 слајд. Планирани активности;
4 слајд. Влијание врз животната средина;
5 слајд Одржливост на проектот.

Презентациите беа проследени со 10 минутна дискусија низ која експертите ги дадоа своите коментари и препораки од процесот на оценување.

Краен рок за поднесување на целосните предлог проекти беше 20 ноември 2008 година. Во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија од селектираните 13 концепти, 12 Граѓански здруженија развија комплетни предлог проекти.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија го организира состанокот за оценување на 01 декември 2008 година, во просториите на Канцеларијата на РЕЦ во Скопје. Петте члена на Локалниот Советодавен Одбор имаа пред себе многу тешка задача. По деталното разгледување и поединечна дискусија за сите предлог проекти, од доставените 12 апликации, беа селектирани вкупно 8 предлог проекти.

Резултатите од селекцијата се испратија до Главната Канцеларија на РЕЦ, во Сентендре, која понатаму треба да ги достави резултатите до донаторот Sida за нивно финално одобрување.

Лице за контакт:
**Валентина Петришевска**
**Асистент на проекти**
valentina@rec.org.mk

## КОН ЧИСТИ ГОРИВА И ВОЗИЛА

Во изминатиот период проектот што го финансира УНЕП се подготвуваше регионална Работилница со цел презентирање на состојбите околу усогласеноста на регулативата на земјите во регионот (Македонија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина) со Директивата за квалитет на горивата.

Особено важен сегмент при планирањето на Работилницата беше сегментот на отстранувањето на оловниот бензин. Македонија е лидер помеѓу поканетите земји бидејќи уште од 2004 година се спроведува основниот план за отстранување на оловниот бензин, додека до јуни 2009 ќе се трошат преостанатите стокови резерви и потоа земјата ќе се придружи на оние што успешно го отстраниле ова штетно гориво чие, што користење предизвикува здравствени проблеми кај населението, а особено кај детската поплулација и бремените жени.

Дневниот ред за работилницата беше изработен во соработка со членовите на Работната група. Секој член превзема задача да покрие соодветна тема согласно одделните улоги на претставените институции во системот на одлучување и спроведување на регулативата за квалитет на горива. Особено беа активни претставниците на Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Агенцијата за стокови резерви и рафинеријата ОКТА, Бирото за стандардизација и Сојузот на возачи на Македонија.

Регионалната рабтилница се планира да се реализира во февруари 2009 година. Ќе бидат присутни и госи од УНЕП и од Партнерството за чисти горива и возила.

# ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ЈИЕ- SECTOR II КРУГ НА ГРАНТОВИ

Во овој број ќе Ве информираме за текот на активностите во периодот октомври-ноември-декември 2008 год. Во минатиот број со Вас ги споделивме спроведените активности за две граѓански здруженија, а сега, за реализираните активности на останатите шест здруженија:

**ЕД “Брица“ - Берово со проект: “Автобуски постојки“.**

Активностите се одвиваат со планираната динамика. Позначајно е да се спомене дека со реализацијата на активностите од првата фаза на проектот бил воспоставен партнерски и професионален однос со општинските сегменти и големото искуство кое го стекнало ГЗ преку таа соработка. Следните активности се поставувањето на самата урбана опрема - земјените работи, набавка и вградување на урбана опрема - настрешници и клупи. Истовремено со изведбата на постројките ЕД Брица ќе продолжи со промоција на проектот во локално гласило како и промотивни табли за што подетално и со фотографии ќе информираме во следниот број.

**Здружение на граѓани Роми, АВЕНА – “И ние Ромите сакаме здрава животна средина”.**



Изградба на настрешница

Целта на овој проект е расчистување на дивата депонија во општина Кочани која се наоѓа на неколку метри пред фабриката за вода. Просторот под самата фабрика се планира да се претвори во зелена површина, која жителите од овој дел на градот ќе можат да ја користат за одмор , а од спротивната страна планирано е поставување на реквизити за игра и разонода на најмладата популација, односно пренамена на просторот во детски забавен парк. Здружението на граѓани Роми досега имаше неколку активности. Пред се имаа презентација пред општествените чинители и партнерите, а потоа агитирање меѓу населението и на крај расчистување на просторот.

**Здружение за заштита на природата и развој на демократијата Осогово – “Од дива депонија до детско игралиште”.**

Проектот придонесува кон можно решавање на проблемите со дивите депонии во градските средини. Имено, овие површини најчесто се користени за неконтролирано одлагање на секаков вид на отпад од страна на месното население а со тоа се уништуваат јавните површини кои



Позтавување на детски реквизити



Поставување на реквизити за спорт и рекреација

всушност треба да послужат за одмор и рекреација на граѓаните. Во спроведување на проектните активности, како што се чистење на депониите е вклучено месното население во Крива Паланка и локалната самоуправа, што всушност придонесе и кон подигање на свеста кај граѓаните за потребата за зачувување на градското зеленило и заштита на истото. Во наредниот период осогово ќе продолжи со планираните активности на порамнување и адаптација на просторот, хортикултурно уредување и поставување на елементи за одмор и рекреација.

**Здружение на граѓани “Зелената Арка“ - Скопје со проект: “Еко-парк“.**

Овој проект за свој главен проблем го има недоволниот број на зелени површини во урбаните делови на градот Скопје, а целта на проектот е унапредување на животните услови во урбаните



Пред почетокот на уредувањето



Еко акција

средини. Она што досега е остварено е поставување на основната инфраструктура и тоа поставување на патеки, градење на земјени издигнувања и други градежни активности. Во наредниот период Зелената арка ќе продолжи со планираните активности на изградба на игралиште и поставување на фотонапонски панели (соларно осветлување), односно целосна реализација на првата фаза и крајно засадување на дрвенести растенија, кое ќе биде направено кога временските услови ќе бидат најповолни за тоа, односно крајот на февруари и текот на месец март 2009 год.

**Извиднички одред Гоце Делчев – “Заедно за почиста општина”.**

Целта на овој проект е да се создадат услови за правилно управување со цврстиот отпад и отстранување на штетните материи со цел за заштита на животната средина.

Во рамките на овој проект меѓу 26 и 28 септември 2008 година, во Извидничкиот дом Орел во с. Орел се одржа еко - камп, како дел од проектните активности на проектот во партнерство со ОЖ Свети Николе, локалната самоуправа и останатите чинители: Граѓанска иницијатива на жени, Здружение на роми, Здружение на власи и Еколошко друштво Изгрев. На еко - кампот



Поставување на контејнери во основните и средните училишта



Еко акција

учествуваа 40 активисти/ претставници на НВО, образовните институции и другите

општествени чинители кои се вклучени во реализацијата на овој проект на возраст од 15 до 25 години.

Со овој еко - камп ќе се придонесе кон поголема едукација на младите за собирањето, селектирањето и депонирањето на цврстиот отпад, кои се неговите штетни последици и какво е неговото влијание врз животната средина.

Секако дека активностите не почнаа и не завршија со еко-кампот . Пред одржувањето на овој еко камп граѓаните на Свети Николе имаа можност да присуствуваат на еко-трибината која се одржа на 19 септември 2008 година во големата сала на општина Свети Николе со релевантните претставници од општината: комунален инспектор, инспектор за животна средина, директорот на Јавно комунално претпријатие, членовите на советот. Цел на трибината беше преку директен контакт со граѓаните да им се пренесе постапката за правилно управување со отпадот од негово настанување, селектирање, транспорт и складирање, за да се надминат лошите навики со отпадот.

На 21 септември се одржа еко акција за организирано чистење на повеќе диви депонии. Започнатите еко акции продолжија со еко акцијата која се одржа на 10 октомври 2008г. на која акција младите и возрасните граѓани заедно го чистеа новиот парк од многуте мали депонии кои веќе подолго време создаваат лоша слика како одраз на негрижата кон животната средина. Пред одржувањето на оваа акција на 03 октомври 2008г. се организира поставување на контејнери кај училиштата во градот Свети Николе (основни и средни) и кај Славјанскиот Универзитет и во строгиот центар на градот.

**Граѓански комитет за развој, Пробиштип - "Осогово чисто".**

Главна цел на проектот е да се подобрат практиките и знаењата за управување со цврстиот отпад во регионот Осогово, преку пилот проект за рурална средина, иницијативи за одлуки на општински нивоа, образование и зајакнување на партнерствата.

Во изминатиот период, согласно предлог проектот, се реализираа голем број на активности, пред се за претставување на проектот, информирање на јавноста и институциите во регионот, активности за воспоставување на контакти со надлежните институции за добивање на податоци за состојбите со управувањето со отпад, а реализирани се и посети на терен заради извршување на увид на лице место за состојбата со отпадот, особено во руралните средини и туристичките места.

Беа остварени контакти со локалните самоуправи надвор од регионот со цел да се проучи нивното



Дива депонија



Јаловиште, рудник Злетово

искуство во собирање отпад од руралните средини, економските ефекти од овие активности како и состојбата со одлуките за управување со отпад на локално ниво.

Лице за контакт:
**Валентина Петрушевска**
**Асистент на проекти**
valentina@rec.org.mk

# ПРИОРИТЕТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во рамките на проектот "Приоритетни инвестиции во областа на животната средина" на 27 и 28 октомври во хотел „Инекс Горица" во Охрид се одржа дводневна национална работилница на тема "Развој на инфраструктурни проекти за животна средина" во делот на отпад во Р.Македонија. Целна група на националната работилница беа претставници на локални самоуправи и на јавни комунални претпријатија од околу дваесетина општини во Македонија.



Учесници на реаботилницата



Учесници на реаботилницата

Содржината на дневниот ред беше разновидна и во најголем дел посветена на потребата од регионално управување со отпадот. Освен објаснувањето на стратешката и правната рамка и потребите од инвестиции во овој сектор, многу голем дел од времето беше посветен на регионалната соработка. При тоа предавачи од Летонија ги пренесуваа своите искуства од земја која е по многу нешта слична на Македонија. Исто така, голем дел од сесиите беше посветен и на барањата за изработка на општинските планови за управување со отпад, како и на инвестициите во овој сектор. За таа цел претставници на канцеларијата на Светската банка во Скопје, на канцеларијата за претпристапни фондови ИПА при Приоритетни инвестиции во областа на животната средина и претставник на Министерството за финансии беа поканети да ги објаснат можностите за финансирање на капитални проекти во кои спаѓа и изградбата на регионални депонии.



Фацилитатори на работилницата

Главната цел на овој проект е изработка на листа на приоритетни инвестиции во областа на животната средина и тоа во три сектора, вода, воздух и отпад. Листата се изработува во постојана комуникација со Министерството за животна средина и просторно планирање и е во согласност со останатите стратешки документи. Проектот е поддржан од Европската комисија, чиј претставник од канцеларијата во Скопје исто така присуствуваше на работилницата.

Лице за контакт:
**Корнелија Радовановиќ**
**Раководител на проекти**
kornelija@rec.org.mk

# СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОНИТОРИНГ ЗА СКОПСКАТА ОБИКОЛНИЦА (ЕМАГ)

**ЕМАГ го одржа тринаесеттиот квартален состанок за проектот Скопска Обиколница**

***Групата ги разработува прашањата кои произлегуваат за време на мониторингот на животната средина на изградбата на обиколницата***

***Советодавната Група за Животна Средина и Мониторинг за Скопската Обиколница (ЕМАГ)*** го одржа својот тринаесетти квартален состанок и инспекција на терен во периодот од 4 декември 2008 год. ЕМАГ го проценува спроведувањето и ефикасноста на мерките за намалување на влијанието врз животната средина и мониторингот од изградбата на западната секција од проектот Скопска Обиколница Фаза 2, финансиран од Европската Банка за Обнова и Развој (EBRD). Како што е наведено во договорот за заем наАгенција за Државни Патишта (АДП) и EBRD, овие мерки мора да бидат применети од Изведувачот на градежните работи ТЕРНА и Надзорот ГИМ, како барање на нивниот договор со АДП. ЕМАГ беше формирана во 2005 год. Од страна на Министерството за транспорт и врски (МТВ). ЕМАГ ги претставува локалните заедници по должина на обиколницата НВО од областа на животната средина и владините институции, МТВ и АДП. ТЕРНА и ГИМ се исто така поканети да учествуваат на состаноците на ЕМАГ како набљудувачи, но и да даваат одговори на прашањата кои произлегуваат за време на работат на групата. За време на последните состаноци и посет на терен, подолу споменатите прашања беа дискутирани на кои ЕМАГ работи, во соработка со ТЕРНА, ГИМ и АДП.

***Статус на мерките за намалување на влијанието од Планот за управување со животната средина од изградбата и спроведувањето на изградбата на обиколницата.*** Обиколницата е отворена за сообраќај од јули 2008 год; секако сеуште има ограничен број на возила кои го користат автопатот, бидејќи првата фаза од обиколницата сеуште не е изградена што би овозможило целосен сообраќај околу градот.

Ревегетацијата на пониските насипи од усеците е само 50% успешна до сега со најмала успешност по должина на западната страна од обиколницата од втората фаза. ТЕРНА продолжува со нејзините напори за ревегетација.

Одредени истекувања на дождовни води и системи за контрола од ерозија и понатаму не функционираат како што треба и бараат итно внимание:

- Поројните дождови од површината на автопатот од вијадуктите кај Кондово, Орман и Волково истекуваат од патот директно преку цевките за одводнување на вијадуктите на површината под истите, што доведува до формирање на бари и кал на локалните патишта, што пак создава проблеми за локалните пешаци и возила. Системот на филтри на маслофаќачи не се протега низ вијадуктите, па така маслата и други течности течењето од површината на вијадуктите може да биде одведено од вијадуктот со директно одводнување на патиштата, површините под нив како и земјоделските површини.
- Значајно количество на седименти од поројните дождови кои истекуваат на насипот на северната страна од обиколницата и крајниот западен крај на вијадуктот кај Орман односно локалниот пат Орман-Волково кој се наоѓа под вијадуктот дополнително придонесуваат кон создавање на калливи услови на тоа место. Некои обиди за контрола на истекувањето и ерозијата со тераси и одводен канал се веќе направени, но само како такви не се целосно ефикасни.
- Одводнувањето на каналот во Кондово продолжува да биде проблем бидејќи се полни со земја и нема течење на водата поради: (1) бреговите кои се наоѓаат веднаш над одводниот канал

се многу стрмни и не се ревегетирани или на било кој друг начин стабилизирани, па така дождовните води многу лесно еродираат голема количина на земја во самиот канал која што пак го блокира текот на водата низ него; и/или (2) една должина од каналот била изградена без правилна широчина/размер и /или без соодветен пад на вода.
Агенцијата за државни патишта ќе го контактира ГИМ за остварување на посета на овие делови заедно со претставниците на ЕМАГ на локалните заедници, доколку е можно за време на дождливи денови, за подобро да се разберат проблемите и да се започне со изнаоѓање на решенија.

***Подготвување на Планот за управување со загадувањето од инциденти за оперативниот период и Планот за управување со животната средина за оперативниот период.*** Финалните драфт верзии на Планот за управување со загадувањето од инциденти за оперативниот период и Планот за управување со животната средина за оперативниот период се комплетирани во септември 2008 год. и сеуште се во фаза на ревизија од страна на ЕМАГ. Тие исто така се достапни за Агенцијата за државни патишта, ГИМ и ТЕРНА за да го вклучат во Планот за работа и одржување на обиколницата.

***За повеќе информации за ЕМАГ.*** ЕМАГ се состанува секои 3 месеци во Канцеларијата на Регионалниот центар за заштита на животната средина (РЕЦ) на ул. "Илинденска" 118, Скопје. Состаноците кои се отворени за јавност, ќе бидат најавувани 2 недели однапред на веб страна на РЕЦ: www.rec.org.mk Веб страната содржи комплетни записници од кварталните состаноци на ЕМАГ и резултати од посетите на терен. Дополнително веб страната на РЕЦ ги содржи табелата со акции која во детали ги прикажува прашањата сумирани од записниците како и други прашања дискутирани за време на состаноците и инспекцијата на терен. За повеќе информации Ве молиме контактирајте ја Канцеларијата на РЕЦ во Македонија на тел: 02/ 3090-135, 3090-136 или факс: 02/ 3088-193.

Лице за контакт:
**Марина Орджанова**
**Технички асистент**
marina@rec.org.mk

## ПРОЕКТ ЗАШТИТА НА СТРОГИОТ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ ЕЗЕРАНИ

Со цел анализа на податоците од прашалниците што беа подготвени од страна на РЕЦ заради социо-економските анализи, се изработи софтверска апликација. Софтверската апликација овозможува анализа на повеќе прашања одеднаш, како на пример колку жители на селото Езерани што имаат оформено средно образование одговориле дека се запознаени со режимите на заштита на природниот резерват.

Извештајот за напредокот на проектот беше предаден на донаторот во септември 2008г. Резултатите од анкетата се анализираат со помош на софтверската апликација. Во меѓувреме се работеше на утврдување на сопственоста на катастарските парцели со цел одделување на земјиштето во приватна сопственост во рамките на природниот резерват Езерани, како прв чекор кон обезбедувањето на услови за спроведување на соодветни режими на заштита на подрачјето. Анализата на сопственоста на земјиштето се прави на подлоги од Катастарски планови кои се добиени од Заводот за геодетски работи од Ресен и Скопје. Меѓутоа, заради одредбите на законот за заштита на личните податоци, не е можно да се утврди личната сопственост на земјиштето, туку само се одделува државната од приватната сопственост.

Наодите од социо-економската анализа ќе бидат важна информација при дефинирањето на институционалната поставеност на идното управување со заштитеното подрачје, како и при утврдувањето на реални режими на заштита, кои треба да ги помират конфликтите помеѓу целите на заштитата и одржливиот развој.

Лице за контакт:
**Ана Петровска**
**Раководител на проекти**
ana@rec.org.mk

# Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Претставување

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Корисннчки земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Турција, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

## Стратегија

Развојните програми на РЕЦ се направени така што ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.








РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА
НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
*за Централна и Источна Европа*
Канцеларија во Македонија

ул. "Илинденска" бр. 118
1000 Скопје

телефон: (02) 3090 135
(02) 3090 136
факс: (02) 3088 193

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk


*Прима:*